У-5.бр.886/2021

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на советот, Виолета Богојеска и Валентина Конеска - членови на советот, со записничарот Едвин Захитовиќ - судски советник, постапувајќи по Предлогот за определување на времена мерка истакнат во тужбата на тужителот ДПГТ „ИЗОФАС“ ДОО – Прилеп, поднесена преку полномошник Кирил Топчиоски, адвокат од Прилеп, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, по одржаната јавна усна расправа, во присуство на полномошникот на тужителот Кирил Топчиоски, адвокат од Прилеп, овластениот претставник на тужениот орган, Зоран Трајановски од Скопје, и овластениот претставник на заинтересирано лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица, Роска Тодоровска Ашкапов , а во отсуство на уредно викано заинтересирано лице „СТЕНТОН Градба“ ДОО Долно Оризари Битола, на ден го 21.07.2021 година донесе, а на ден 27.07.2021 година го објави следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

- за времена мерка -

Барањето на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп, за донесување на времена мерка за одлагање на извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, и да се одложи постапувањето на договорниот орган ЕЛС – Општина Прилеп по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта а со цел да се спречи причинување на штета на тужителот која тешко може да се надомести, како и да се забрани на договорниот орган да постапува согласно решението бр.09-581/23 од 10.06.2021 на тужениот орган и да се забрани на договорниот орган да води постапка по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта се до правосилно завршување на овој спор, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот ДПГТ „ИЗОФАС“ ДОО – Прилеп на ден 15.06.2021 година до Управниот суд поднесе тужба, против Решението бр.09-581/23 од 10.06.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со кое Државната комисија за жалби по јавни набавки делумно ја уважила жалбата на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/26 за Дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 3, сите од 14.05.2021 година, донесени по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО – изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган Општина Прилеп, така што Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 од

14.05.2021 година за Дел 3 била поништена и предметот вратен на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Кон тужбата тужителот поднесе и Предлог за донесување на решение за времена мерка за одлагање од извршување на оспореното Решение бр.09-581/23 од 10.06.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се до правосилно завршување на постапката по поведениот управен спор. Како причина за поднесување на Предлогот за определување на времена мерка, наведе дека Договорниот орган ЕЛС Општина Прилеп, Комисија за јавни набавки, погрешил кога веднаш по приемот на Решението бр.09-451/12 од 22.04.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, ја продолжил постапката по Одлука за јавна набавка на Градоначалникот на Општина Прилеп бр.08-21/1 од 03.02.2021 година и донел Одлука за избор за најповолна понуда за дел 1 со бр.08-21/24 од 14.05.2021 година, Одлука за избор за најповолна понуда за дел 2 со бр.08-21/26 од 14.05.2021 година и Одлука за избор за најповолна понуда за дел 3 со бр.08-21/28 од 14.05.2021 година, со оглед на тоа што сега тужителот ДПГТ ИЗОФАЗ ДОО Прилеп на ден 06.05.2021 година писмено го известил со Поднесок бр.19-21/19 и побарал да го одложи постапувањето по Огласот за јавна набавка се до правосилно завршување на управниот спор кој се води пред Управен суд по тужба против Решението бр.09-451/12 од 22.04.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Наведе дека горенаведените одлуки за избор за најповолна понуда, кои се донесени во повторна постапка од страна на Договорниот орган, се обжалени од страна на тужителот ДПГТ ИЗОФАС ДОО Прилеп, по што Државната комисија за жалби по јавни набавки го донесе сега оспореното Решение бр.09-581/23 од 10.06.2021 година. Воедно наведе дека со извршување на оспореното Решение бр.09-581/23 од 10.06.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, н атужителот му се причинува штета која потоа тешко може да се надомести.

Постапувајќи по Предлогот за определување на времена мерка Судот закажа и одржа јавна усна расправа на ден 21.07.2021 година во присуство на полномошникот на тужителот, Кирил Топчиоски адвокат од Прилеп, и во присуство на полномошникот на тужениот орган Зоран Трајановски од Скопје дипломиран правник вработен во тужениот орган, со уредно полномошно, како и со присуство на овластен претставник на заинтересирано лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица, Роска Тодоровска Ашкапов со уредно полномошно истото издадено од управителот на друштвото и во отсуство на заинтересирано лице „СТЕНТОН Градба“ ДОО Долно Оризари Битола, урено викан, а согласно член 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот наведе дека останува во целост кон барањето за донесување на времена мерка и изјави дека е неопходно донесување на ваква мерка затоа што е познато дека поведувањето на тужбата и заведување на управен спор не го спречува договорниот орган да склучи нов договор кој што веќе има склучено со понудувачи, па смета дека договорот ќе биде во целост извршен доколку судот не донесе времена мерка, а тужбата би станала безпредметна. Предложи на Судот да донесе времена мерка за да се избегне штета која би ја претрпел тужителот со извршување на решението затоа што видот и висината на штетата е во висината на износот на овој тендер.

Преставникот на тужениот орган остана во се како во одговорот на барањето за донесување на времена мерка, наведе дека не се исполнети условите за одлагање од извршување на оспореното решение и предложи барањето да биде одбиено како неосновано.

Преставникот на заинтересираното лице „Жикол“ ДООЕЛ Струмица, Роска Тодоровска Ашкапов изјави дека барањето за донесување на времена мерка е неосновано и наведе дека времената мерка е неоснована бидејќи на ниеден начин тужителот ја нема докажано реалната штета.

Заинтересираното лице ДППУ „СТЕНТОН Градба“ ДОО Битола, на ден 19.07.2021 година до Судот достави Писмен Одговор на барање за донесување на времена мерка, а кое на денот на одржување на јавната расправа не беше приложено во списите на предметот, со оглед дека по грешка бил приклучен кон другиот предмет, па по одржувањето на јавната расправа Судот го истото го разгледа и го зема во предвеид при одлучувањето. Во доставениот Одговор на барање за донесување на времена мерка, заитересираното лице ДППУ „СТЕНТОН Градба“ ДОО Битола наведе дека оспореното Решение бр.09-581/23 од 10.06.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки е законито, и предложи барањето за донесување на времена мерка да се одбие како неосновано.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, Тековна сосотојба на ДПГТ ИЗОФАС ДОО – Прилеп бр.0805-50/150020210000168 од 20.01.2021 година, Тековна сосотојба на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. 0805-50/150020210267713 од 06.05.2021 година, Одлуката за избор на најповолна понуда по јавна набавка на Работи бр.01126/2021 ЈДО – Изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици – Изградба на улици и општински патишта и Реконструкција на улици и општински патишта ДЕЛ1 „Изградба и реконсктрукција на ул. „Кеј 1 ви Мај“ бр.08-21/24 од 14.05.2021 година, Одлуката за избор на најповолна понуда по јавна набавка на Работи бр.01126/2021 ЈДО – Изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици – Изградба на улици и општински патишта и Реконструкција на улици и општински патишта ДЕЛ2 „Реконсктрукција на ул„Трајко Николоски“- бр.08-21/26 од 14.05.2021 година, Одлука за избор на најповолна понуда по јавна набавка на Работи бр.01126/2021 ЈДО – Изградба и реконсктрукција на општински патишта и улици – Изградба на улици и општински патишта и Реконструкција на улици и општински патишта ДЕЛ 3 „Изградба на ул,, Целе Мавровск“ и ул. „Цане Илиоски - Краци“ во Општина Прилеп- бр.08-21/28 од 14.05.2021 година, Жалба од 20.05.2021 година, Писмено известување бр.19-21/19 од 06.05.2021 година, Известувања до понудувачи кои не се квалификувани за учество на Е-аукција, Одговор на тужба бр.09-581/25 од 21.06.2021 година, примен во Судот на 24.06.2021 година, Одговор на тужба од заинтересирано лице Жикол ДООЕЛ бр.0306-1693 од 16.07.2021 година. Судот претходно извршил увид во Електронскиот систем за јавни набавки во досието за предметната јавна набавка по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО – изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган Општина Прилеп.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Судот постапувајќи само по Предлогот на тужителот за определување на времена мерка, врз основа на списите приложени кон тужбата и предлогот, а имајќи ги во вид и наводите од одржаната јавна расправа, најде дека истото е неоснован, поради следното:

Согласно одредбата од член 28 став 1 и 2 од Законот за управните спорови („Сл.весник на Република Македонија" бр.96/2019), тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено. По барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањетоне му е спротивно на јавиот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

Согласно одредбата од член 29 став 1 и став 5 од истиот закон, судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета. На барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот, мора во согласност со начелото на пропорциналност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

Во конкретниот предмет од списите приложени кон истиот се утврди дека со Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/23 од 10.06.2021 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки делумно ја уважила жалбата на тужителот ИЗОФАС ДОО – Прилеп изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 1, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/26 за Дел 2 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 за Дел 3, сите од 14.05.2021 година, донесени по Огласот за јавна набавка со Отворена постапка бр.01126/2021 за набавка на работи – ЈДО – изградба и реконструкција на општински патишта и улици – изградба на улици и општински патишта и реконструкција на улици и општински патишта на договорниот орган Општина Прилеп, така што Одлуката за избор на најповолна понуда бр.08-21/24 од 14.05.2021 година за Дел 3 била поништена и предметот вратен на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Имено, по извршениот увид во предметот, Судот оцени дека согласно одредбите од член 28 став 2 и член 29 став 5 од Законот за управните спорови, не се исполнети условите за донесување на времена мерка со која со која се одлага извршувањето на Решението бр.09-581/23 од 10.06.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се до правосилно завршување на постапката по поведениот управен спор. Имено, по оценка на овој суд, а од смислата и содржината на претходно цитираните одредби од Законот за управните спорови, произлегува дека со институтот времена мерка во судската постапка на тужителот му се дава можност, до донесување на одлука по тужбата, од судот да побара донесување на времена мерка со која ќе се одложи извршувањето на управниот акт само во случаевите кога надлежниот орган што го донел актот пристапи кон негово извршување и доколку кумулативно се исполнети условите предвидени во претходно цитираните законски одредби.

При оценка на кумулативната исполнетост на трите предвидени услови со претходно споменатата одредба од член 29 став 5 од Законот за управните спорови, Судот врз основа на приложениот доказ кон Предлогот за донесување на времената мерка – оспореното решение, оцени дека во конкретниот случај не се исполнети условите за нејзино донесување. Ова од причина што тужителот не го стори веројатно настапувањето на ненадоместливата штета кога не достави докази на ова околност поради што и не може да се утврди видот, обемот, висината и карактерот на штетата за која тужителот смета дека ќе ја претрпи во конкретниот случај. Оттука, Судот најде дека не се исполнети погоренаведените услови и не постои основ за усвојување на поставено барање на тужителот за донесување на времената мерка со оглед дека тужителот не достави докази дека со извршувањето на решението ќе трпи ненадоместлива штета која тешко ќе може да се поправи, и со ниту еден доказ не стори веројатно дека донесувањето на времената мерка не би било спротивно на јавниот интерес. Судот ги ценеше наводите на тужителот истакнати во барањето за донесување на времена мерка, но најде дека истите се неосновани и без влијание за поинакво одлучување.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со одредбите од член 28 и 29 од Законот за управните спорови, Судот донесе одлука како во изреката на решението.

Решено во Управен суд на 21.07.2021година под У-5.бр.886/2021.

Записничар - Судски советник
Едвин Захитовиќ

Претседател на советот - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 3 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави до:
- тужителот преку полномошник
  Кирил Топчиоски, адвокат од Прилеп
- тужениот орган
- заинтересирано лице
  „Жикол“ ДООЕЛ Струмица
- заинтересирано лице
  „СТЕНТОН Градба“ ДОО
  Долно Оризари Битола

Претседател на советот - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ВТ/